РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-892/2
19.03. 2015 год.
КРИВА ПАЛАНКА

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Проект за инфраструктура за поставување на електричен 10(20) kV вод за МХЕЦ калин Камен 1, на КП 691, КО Варовиште и КП 1021 и КП 113, КО Б`с, Општина Крива Паланка |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Крива Паланка |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Крива Паланка |

| Податоци за изработувачот планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **Друштво за производство, услуги и промет БИЛД – Скопје**<br>Планери потписници:<br>- Бојан Муличевски, диа<br>- Илина Лалкова, диа<br>- Катерина Карага, диа<br>- Искра Ефтимова, диа<br>- Марко Ицев, диа |
| Назив на работното место | планери |
| Контакт податоци за лицето | Бул. 8ми Септември, бр. 13, Сала Борис Трајковски, Скопје<br>Тел. 02/3083-575; 075/410-187 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. Законска обврска или друга одредба) |
| **Закон за просторно и урбанистичко планирање** |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| **√ Да (нов плански документ)**<br>**Не** |
| Доколку се вршат измени на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините на негово изменување? |
| |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа |
| **Да, просторно и урбанистичко планирање** |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. Член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да**<br>**Не √** | | | |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| **Да, Прилог 2, точка 3 (Енергетика), (б) Индустриски инсталации за пренос и дистрибуција на гас, пареа и топла вода и за пренос и дистрибуција на електрична енергија со површински водови (проекти што не се вклучени во Прилог 1)** |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површинатана областа и нејзиното значење. |
| **Да, (0,6393 ха)** |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| **Целта на донесувањето е изградба на линиска инфраструктурна градба за 10 (20) kV електричен вод за МХЕЦ Калин Камен 1, КП 691, КО Варовиште и КП 1021 и КП 112, КО Б`с, Општина Крива Паланка.** |
| Предмет на планскиот документ. ( пр. Транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| **Планирање на просторот** |
| Период за донесување на планскиот документ. |
| |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| **Предвидена е ревизија на проект за инфраструктура пред негово донесување.** |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. ( пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |

Изградбата на линиска инфраструктурна градба за 10 (20) kV електричен вод за МХЕЦ Калин Камен 1, е предвидена на КП 691, КО Варовиште и КП 1021 и КП 112, КО Б`с, Општина Крива Паланка, во должина од 1884,5.

Прилог: Мапа/графички прилог

**Местоположба на локацијата и ружа на ветрови**






Општинска граница

Катастарска граница

| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| **Да √**<br>**Не** |
| Дали е приложена копија од целите? |
| **Да √**<br>**Не** |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>**Се работи за изградбата на линиска инфраструктурна градба за 10 (20) kV електричен вод за МХЕЦ Калин Камен 1, е предвидена на КП 691, КОВаровиште и КП 1021 и КП 112, КО Б`с, Општина Крива Паланка, во должина од 1884,5.**<br>**Како потенцијални влијанија врз животната средина се очекуваат да бидат земјените активности, управувањето со отпад и бучавата и прашината во периодот на работите за ископ и поставување на површинскиот вод. Земјените активности опфаќаат:**<br>- **Подготвителни активности, во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото;**<br>- **Градежните активности, во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба.**<br>**Не се очекуваат зголемени негативни влијанија по животната средина.**<br>**Исто така не се очекува нарушување на биодиверзитетот во овој предел.** | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | **Влијанијата врз животната средина ќе бидат присутни во времетраењето на ископот и поставувањето на површинскиот вод , од самата механизација и тоа преку зголемена бучава, зголемена концентрација на прашина, создавањето на отпад. Долготрајно влијание врз животната средина се очекува.** |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето; | **Нема да има зголемно негативно влијанија врз здравјето на луѓето и животната средина и здравјето на луѓето.** |
| Прекугранична природа на влијанијата; | **Нема прекугранична природа на влијанијата.** |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултата на несреќи); | **Не се очекува да бидат зголемени ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина при изградбата.** |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | **Линиската инфраструктурна градба за 10 (20) kV електричен вод за МХЕЦ Калин Камен 1, е предвидена на КП 691, КО Варовиште и КП 1021 и КП 112, КО Б`с, Општина Крива Паланка, должина од** |

| | |
|---|---|
| | 1884,5 м, со површина од 0,6393 ха. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:<br>**Реализацијата на Проектот за инфраструктура за електричен вод 10 (20) kV вод за МХЕЦ Калин Камен 1, КО Варовиште и КО Б`с , Општина Крива Паланка, ќе биде во функција во развој на инфраструктурните услови за обавување на дејностите во производниот и услужен сектор.** | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>**Бидејќи се работи за изградба на линиска инфраструктурна градба за 10 (20) kV електричен вод за МХЕЦ Калин Камен, не се очекува да има влијание врз околната област.** | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Во оваа област нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во оваа област не е откриено културно наследство. |
| Надминувањето на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | **Надминување на стандардите за квалитетот на животната средина може да се појават за време на изградба, преку локално зголемена бучава и создавање на отпад, прашина, издувни гасови од механизацијата и возилата кои ќе бидат користени во фазата на градење. Направениот ископ по поставување на линискиот електричен вод, да биде донесен во првобитна состојба, преку затрупување на истиот и зазеленување. Потребно е создадениот отпад да се отстранува на место предвидено за тоа, односно на градската депонија.** |
| Интезивна употреба на земјиштето | Е1 – комунална инфраструктура која содржи:<br>- Коридор (подземен цевковод) вкопан во земја;<br>- За пристап ќе се користи постоечки пат |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја | Во областа нема заштитено подрачје |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>**Линиска инфраструктурна градба за 10 (20) kV електричен вод за МХЕЦ Калин Камен 1, е предвидена на КП 691, КО Варовиште и КП 1021 и КП 112, КО Б`с, Општина Крива Паланка.** | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>**Проектот ќе се реализира од машинска зграда која се наоѓа во КО Варовиште, место викано Љуљка, се движи покрај локален пат до постоечки далновод кој се наоѓа во КО Б`с, место викано Света Вода, во должина од 1884,5 м. Околина на предметниот проект е шума.** | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на | |

<table>
<tr><td colspan="2">животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Предвидениот проект не се очекува да има зголемени негативни влијание врз животната средина. Влијанието ќе биде изразено во текот на градба.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да го реши или намали.)<br>Еколошките проблеми кои би можеле како резултат на изградбата на линиска инфраструктурна градба за 10 (20) kV електричен вод за МХЕЦ Калин Камен 1 се следните:<br>- Нарушување на квалитетот на воздухот и зголемена бучава во фазата на изградба, како резултат на користење на градежна механизација;<br>- Можно влијание врз подземните води, почва и самата природа при неадекватен третман на отпадот создаден во текот на изградбата;<br>Меѓутоа со правилно постапување со отпадот, користење на машини кои нема да придонесат за зголемено ниво на бучава, користење на почисти енергенси, како и правилно управување отпадните води, сите претходно споменати негативни влијанија може да бидат незначителни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Просторен план на Република Македонија</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледувани во други пласнки документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постпка на оцена на влијанието врз животната средина).</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавувам дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинските и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник,<br>Арсенчо Алексовски</td></tr>
<tr><td>Датум: 19.03.2015 година<br>Место: Крива Паланка</td><td>М.П.</td></tr>
</table>